**Известување за концентрација со која Алвин АГ, Швајцарија ќе стекне самостојна контрола над Инстант Вин Гејминг Лимитед, Обединето Кралство**

**(предмет бр. 08-55 од 2024 година)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 01.03.2024 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација со која Алвин АГ со регистрирано седиште на адреса Веинмаркт 9, 6004 Луцерн, Швајцарија ќе стекне самостојна контрола над Инстант Вин Гејминг Лимитед со регистрирано седиште на адреса 1рв Кат, Олд Стрит Јард 2, Лондон, EC1Y 8AF, Обединето Кралство, преку стекнување на удели.

**-Алвин АГ** е холдинг друштво основано во Швајцарија, кое стекнува и управува со удели во компании од индустријата на игри и е друштво-мајка на Алвин Групацијата. Алвин Групацијата е мултинационален оператор на лотарија со значително присуство во Австрија, Чешката Република, Грција, Кипар, Италија, Обединетото Кралство и Соединетите Американски Држави (Илиноис), и крајно е поседувана од ККЦГ Групацијата.

ККЦГ Групацијата е приватна инвестициска групација со повеќе од 6.000 вработени која е присутна во 18 држави. Истата е примарно активна во областите на нафта и гас, инженерство, игри и забава, технологија, информатичка технологија и недвижности.

ККЦГ Групацијата е присутна на пазарот на Северна Македонија примарно во областа на работење со терминали за видеолотарија, преку следните друштва:

- КАСИНОС АУСТРИА ИНТЕРНАТИОНАЛ МАКЕДОНИЈА ДОО Скопје, со регистрирано седиште на бул. Киро Глигоров бр. 2, Скопје – Гази Баба, со седиште на бул. Киро Глигоров бр. 2, Скопје-Гази Баба, со приоритетна дејност Дејности на коцкање и обложување;
- Државна видеолотарија на Република Македонија - КАСИНОС АУСТРИА ДОО Скопје, со регистрирано седиште на бул. Киро Глигоров бр. 2, Скопје – Гази Баба, со седиште на бул. Киро Глигоров бр. 2, Скопје-Гази Баба, со приоритетна дејност Дејности на коцкање и обложување.

Дополнително, ККЦГ Групацијата има одредени активности во Северна Македонија преку нејзината контрола над Киншифт Групацијата (претходно: Сеавус Групација) и Мусала Групацијата. Во Северна Македонија, Киншифт Групацијата (претходно: Сеавус Групација) ги има следните зависни друштва:

- КИНШИФТ ДООЕЛ Скопје (со претходен назив СЕАВУС ДООЕЛ Скопје), со регистрирано седиште на адреса ул. 11ти Октомври бр. 33А / Центар 1, Скопје-Центар, со приоритетна дејност Компјутерско програмирање;
- КИНШИФТ АКАДЕМИ ДООЕЛ Скопје (со претходен назив СЕАВУС ЕДУКАТИВЕН И РАЗВОЕН ЦЕНТАР ДООЕЛ Скопје), со регистрирано седиште на адреса ул. 11ти Октомври бр. 33А / Центар 1, Скопје-Центар, со приоритетна дејност: друго образование, неспомнато на друго место.

Зависно друштво на Мусала Групацијата во Северна Македонија е Друштвото за производство, трговија и услуги МУСАЛА СОФТ ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на ул. Филип Втори Македонски бр.3-кат 4, канц. 4003, Скопје, со приоритетна дејност: компјутерско програмирање.

-**Инстант Вин Гејминг Лимитед** (Instant Win Gaming Limited), со регистрирано седиште на адреса 1рв Кат, Олд Стрит Јард 2, Лондон, EC1Y 8AF, Обединето Кралство. Целното друштво е основано во согласност со законите на Англија и Велс и е снабдувач со онлјан, инстант игри на среќа до лотарии. Целното друштво обезбедува целосна услуга за лотариите, од стратегии и консалтинг до дизајнирање и изработка. Има повеќе од десет години искуство во изработка на висококвалитетни инстант игри кои имаат врвна продажба, и стратешко know-how за истите да функционираат.

Инстант Вин Гејминг Лимитед нема зависни друштва во Северна Македонија и нема генерирано било каков приход во Северна Македонија во претходната година.

Планираната концентрација настанува на начин што Алвин АГ, преку свое самостојно контролирано зависно друштво основано во согласност со законите на Англија и Велс, ќе купи удели во целното друштво и ќе стекне самостојна контрола над истото.

Релевантен пазар за концентранцијата е пазарот на дизајнирање и производство на онлјан инстант игри на среќа во Северна Македонија.

Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.

Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставaт забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.

04.03.2024 година

Скопје